34815

ВЕЧЕР ☆ 8 април 1987 година 7373, 15,

**ВЕЧЕРВА ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ**

# Предавање на тема »Модели«

Познатиот ликовен критичар од ФР Германија, Штефан, Шмит — Вулфен, вечерва, во Музејот на современа уметност во Скопје, (19 ч.) ќе одржи предавање на тема „Модели".

Овој познат германски критичар ќе зборува за најактуелните збиднувања на сценатa на светската и германската ликовна уметност, а особено тој ќе ги искаже своите видувања за новиот конструктивизам и новиот концептуализам во уметностa воопшто. Се очекува предавањето да биде проследено и со слајд проекција.

Инаку, Штефан Шмит Вулфен, е една од најекспонираните личности во ликовната критика, чии текстови редовно се појавуваат во многубројни светски списанија, е и еден од младите селектори на Светското биенале на цртеж во Венеција.

Гостувањето на Вулфен во Скопје е реализирано во соработка со Студентскиот културен центар од Белград и Германскиот информативен центар од Белград.

**В. С.**